ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-901/2
16-03-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница, одржана на 10.03.2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

СЕ ОТФРЛА пријавата со бр. 09-901/1 од 23.02.2026 година поднесена од непознат подносител против лицето -----, директор на ---------, поради тоа што е постапувано по предмет со исти наводи и донесена е Одлука со бр. 144/1 од 08.01.2026 година.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-901/1 од 23.02.2026 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител, со наводи дека во комуналното претпријатие ---------, за директор е поставено лицето ------- од Крушево и во истото претпријатие е вработена неговата сопруга -------- како благајник – лице кое располага со парите на претпријатието. Пријавителот наведува дека ваквата состојба е контрадикторна и неспоива и претставува судир на интереси, двајца сопружници од кои едниот е директор а другиот благајник да водат Јавно комуинално претпријатие.

По разгледување на пријавата, Државната комисија оцени дека за пријавеното лице ------ веќе е постапувано по друг предмет со исти наводи со бр. 09-3071/1 од 24.11.2025 година и е донесена Одлука со бр. 144/1 од 08.01.2026 година.

Државната комисија констатира дека наводите во истата не укажуваат на постоење на состојба која е во спротивност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во кои не постои забрана блиски лица да бидат вработени во ист орган. Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси единствено содржи забрана за службено лице да врши влијание при вработување блиски роднини, но во пријавата не се изнесени наводи со таква содржина, и при

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

натамошното извршување на службени должности како службено лице директор во ------, треба да внимава да не се доведе до судир на интереси.

Согласно наведеното, Државната комисија укажува за тоа доколку службеното лице се најде во некоја ситуација која може да го доведе до потенцијален судир на интереси или реален судир на интереси потребно е да постапи согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување."

Имајќи го во предвид горе наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок на ДКСК,
Изработил: М.М. – соработник